Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола

ЈППЈЛП Битола

# П Р О Г Р А М А

## За работа за 2020 година

ЈППЈЛП Битола

Битола ноември, 2019 год.

**Програма за работа за 2020 година**

Програмата за работа на Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, претставува плански документ за организација и начин на извршување на работните задачи на јавното претпријатие.

Со програмата се поставуваат цели и задачи, се предвидуваат средства за активности кои треба да се реализираат со цел остварување на предвидените цели. Програмата предвидува работа со корисниците на услугите, посебно во централното градско подрачје, односно на затворените паркинг простори и зонското паркирање, со цел намаување на проблемите и нивно решавање.

**Основна дејност**

Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во општина Битола основано со одлука на Совет на Општина Битола бр.09-49/6 од 23.04.2019 год.

Основна дејност на јавното претпријатие е услужна дејност поврзана со копнен превоз, односно дејности поврзани со копнен превоз на патници, животни или стока; работи на патишта, мостови, тунели, паркиралишта, или јавни гаражи и паркиралишта за велосипеди,

Јавното претпријатие во своја надлежности има регистрирано и дејности поврзани со градски и приградски патнички копнен транспорт како и друг патнички копнен транспорт.

**Организациона структура**

Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, е организирано со следната организациона структура:

1. Сектор за јавни паркиралишта и пајак.
    - 1.1 Одделение за јавни паркиралишта и пајак служба;
    - 1.2 Одделение за јавен градски превоз.
2. Сектор за финанскиски, правни и општи работи
    - 2.1 Одделени за финансиско работење;
    - 2.2 Одделение за општо правни работи и човечки ресурси.

Вработени се вкупно 44 работници.

**Објекти со кои располага**

Со проектните сообраќајни решенија за зонското паркирање на јавни површини и на паркирање на затворени паркинг простори на територијата на општина Битола предвидени се 3 зони на паркирање. Секоја зона содржи определен број на подзони.

Податоци за паркинг места според изработена проектна документација:

Зона А (прва зона) е организирана во 9 подзони и 3 затворени паркиралишта. Вкупен број на места за паркирање 602 и 19 за инвалидизирани лица.

Зона Б (втора зона) е организирана во 8 подзони. Вкупен броја на места за паркирање изнесува 562 и 9 места се наменети за инвалидизирани лица.

Зона Ц (трета зона) е организирана во 3 подзони. Вкупен број на места за паркирање изнесува 182 паркинг места во зонско паркирање и 3 места се наменети за инвалидизирани лица.

Во зона Ц припаѓа и паркинг просторот кај спортската сала со вкупно предвидени 175 паркинг места за патнички автомобили, 6 места за инвалидизирани места, 22 места за комби возила и 17 места за паркирање на автоуси. Вкупниот број на места за паркирање во зона Ц изнесува 396 места за паркирање и 9 места за паркирање на лица со инвалидитет.

Во сообраќајното решение проектирана е потребната хоризонтална и вертикална сигнализација со која се дефинира режимот на сообраќај во подрачјето на опфатот.

*(податоците внесени во табелите бр.1-4 се превземени од ОСП за зонско паркирање на Општина Битола за зони А,Б и Ц)*

**Начин и динамика на работа**

Наплата на паркинг услугата ќе се врши во две смени во временски периодот од 7.00-21.00 часот секој работен ден и сабота, освен за време на недела и државни празници.

**Наплата на услугите**

Јавното претпријатие своите услуги ги врши врз основа на **ЦЕНОВНИК** на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола, усвоени од страна на Совет на Општина Битола.

**Остварени приходи за период од 29.08 до 30.11.2019 година**

Во периодот од почетокот со работа на јавното претпријатие заклучно со 30.11.2019 година остварени се следните финансиски резултати:

| состојба | јуни | јули | август | септември | октомври | ноември | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Износ (ден) | Износ (ден) | Износ (ден) | Износ (ден) | Износ (ден) | Износ (ден) | **Износ (ден)** |
| Приходи | 0 | 0 | 76.601 | 1.200.246 | 1.823.529 | 1.824.207 | **4.924.583** |
| Расходи | 24.882 | 103.837 | 169.763 | 275.517 | 2.018.162 | 1.901.773 | **4.493.934** |
| | | | | | | **РАЗЛИКА** | **430.649** |

**Планирани приходи за 2020 година**

| **Приходи** | **Износ (ден) за еден месец** | **Износ (ден) за една година** |
|---|---|---|
| Приходи од затворени паркиралишта | 750.000,00 | 9.000.000,00 |
| Приходи од зонско паркирање | 1.400.000,00 | 16.800.000,00 |
| Прихди од ППК | 250.000,00 | 3.000.000,00 |
| **ВКУПНО** | **2.400.000,00** | **28.800.000,00** |

Планирани расходи за 2020 година

| | **Планирани расходи за една година** | **Износ (ден) за една година** |
|---|---|---|
| 1 | Бруто плата | 15.600.000,00 |
| 2 | Надомест за Управен и Надзорен одбор | 70.000,00 |
| 3 | Систем за затворени паркиралишта (три системи) | 1.800.000,00 |
| 5 | Гориво | 300.000,00 |
| 6 | Електрична енергија | 300.000,00 |
| 7 | Надомест за фиксна и мобилна телефонија, интернет и птт услуги | 360.000,00 |
| 8 | Надомест за интегриран систем за затворен и отворен паркинг | 1.416.000,00 |
| 9 | Книговодствени услуги | 120.000,00 |
| 10 | Провизија за користење на мобилен тел. број | 660.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Комунална такса | 1.800.000,00 |
| 12 | Годишно одржување на фискални апарати | 60.000,00 |
| 13 | Сервисни услуги (компјутери и компјутерска опрема, електричарски услуги и друг вид на услуги) | 30.000,00 |
| 14 | Провизии ( банка, централен регистар, министерство за финански и др.) | 60.000,00 |
| 15 | Огласи за вработувања | 60.000,00 |
| 16 | Обуки на вработени лица | 30.000,00 |
| 17 | Патни трошоци | 30.000,00 |
| 18 | Потрошен материјал (канцелариски материјали, карти за паркирање и др.работи) | 200.000,00 |
| 19 | Останати трошоци (ситна роба, средства за хигиена, регистрација на возила и др.) | 30.000,00 |
| 20 | Трошоци за репрезентација, угостителнски услуги, спонзорства и др. | 200.000,00 |
| 21 | Резервни делови за возила | 200.000,00 |
| 22 | Градежни материјали (асфалт, цемент, песок железарија и др.) | 3.000.000,00 |
| 23 | ХТЗ опрема | 200.000,00 |
| 24 | Опрема за хоризонтална сигнализација (боја, сталки, гумени заштитници, светлечки уреди и др. | 300.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **26.826.000,00** |

**Планирани активности**

Планираните активности на работа јавното претпријатие се во насока на подобрување на системот на паркирање, односно обезбедување на дополнителен број на паркинг места, обезбедување на побрз и побезбеден проток на возила, а од друга страна овозможување на безбедно движење на пешаците по тротоарите.

Како предуслов за решавање на паркирањето во централното градско подрачје се предвидува:

- Поправка на сите оштетени столбчиња, дополнително поставување на столбчиња на локации каде недостасуваат, како и дополнително обезбедување на определени пешачки зони и паркинг места со поставување на нови.
  - **Планирани средства 300.000 денари**
- Вклучување на пајак возило во состав на јавното претпријатие со цел да се зголеми ефикасноста и контролата во сообраќајот, да се отстранат непрописно запрените и паркирани возила на јавните прометни површини и јавните зелени површини, како и возилата од други локации кои го попречуваат безбедното движење во сообраќајот.
  - **Планирани средства за работа (трошоци)**
    - Плата 1.300.000,00 ден
    - Гориво 240.000,00 ден
    - Одржување на возило 600.000,00 ден
    - ВКУПНО 2.140.000,00 ден
  - **Планирани приходи**
    - Приходи од подигнати возила 3.500.000,00 ден
- Обезбедување на дополнителен број на паркинг места на постојаните зони со што ќе се овозможи можност за зголемен број на правилно паркирани возила, како и опфаќање на определени паркинг простори со зонско паркирање или паркирање од затворен тип.
  - Ревизија на постоечката проектна документација која се однесува на сегашниот систем на паркирање и измена на дел на режим на паркирање;

- Изградба на нови паркинг простори од затворен тип на локации на:
  - ул. Борка Левата (поранешни бараки на УЈП Битола),
  - ул. Лазо Трповски (позади широк Сокак и Работнички универзитет)
- влегување во систем на затворен паркинг на паркингот ул. 11-ти март и ул. Свети Наум, (локација позади зградата наспроти Јавор).

- Решавањето на проблемот со паркирање на возила пред паркинзите на колективните згради и улици во делови на зонското паркирање со воведување на повластена паркинг карта за резидентен паркинг. За таа цел се предвидува обезбедување на истите со дополнителен потребен број на паркинг места, поставување на рампи и нивно одржување.
  - **Планирани средства 1.00.000,00ден**. (средства наменети за опрема за паркирање и за градежни активности)
- Реконструкција на постојните паркиралиштата, санирање на постоечката состојба, односно преземање на градежни активности на санирање на дупки, поправка на постоечка инсталација, асфалтирање и уредување на просторот. Ваквите активности ќе бидат насочени кон паркиралиштата од затворен тип со приоритет на комплетно уредување на паркинг просторот на Спортска сала Боро Чурлевски и паркинг просторот на ул. Крушевска република.
  - **Планирани средства**
    - **6.000.000,00 ден (за паркинг простор кај спортска сала)**
    - **1.200.000.00 ден (за парлинг простор на ул. Крушевска република)**
- Постојано бележење (освежување) на хоризонталната сигнализација на паркинг местата на затворените и отворените паркинзи.
  - **Планирани средства 300.000,00 ден.**

Програмата за работа на јавното претпријатие во 2020 година ќе се финансира од сопствени средства по пат на наплата од користење на услугата паркирање на јавните паркиралишта од отворен и затворен тип, подигнати возила, наплата на поставени блокатори, услуги спрема трети лица, од поврат на уплатена комунална такса како и средства од буџет на Општина Битола.

Планираното остварување и реализирање на програмата за работа зависи од приливот на финансиските средства од работењето, искористувањето на постојаните капацитети, трошоците од работењето, начинот и формата на наплатата на дадените услуги, трошоците за тековно одржување на објектите и сл.

| | |
|---|---|
| Битола, ноември 2019 год. | ЈППЈЛП Битола |
| Директор на ЈППЈЛП Битола | Претседател на УО |
| Зоран Дојчиновски | Љиљана Обедниковска |
| -------------------------------------- | -------------------------------------- |